

# СЛИКИ

## СЛОБОДАН ЖИВКОВСКИ

**СЛОБОДАН ЖИВКОВСКИ** роден во Скопје 1949 година, дипломирал архитектура во Скопје. Специјализација од областа на индустрискиот дизајн како француски стипендист на Високата школа на декоративните уметности ENSAD — Париз. Работи на проблемите на индустрискиот дизајн во Скопје.

Самостојни изложби:

— 1976 Дом на младите „25 Мај", Скопје, галерија
— 1978 Филозофски факултет — Скопје (манифестација „Млади творци")
— 1979 Хотел „Метропол", Охрид
— 1979 Центар за култура и информации, Скопје

Групни изложби:

— 1969-74 учество во повеќе аматерски изложби во организација на Центар за култура и информации
— 1978 „Млади сликари", Охрид, конак „Св. Климент"
— 1978 „Млади сликари", Струга
— 1979 учесник на I младинска ликовна колонија, Охрид
— 1980 Дом на младите „25 Мај", Скопје
— 1982 Студентски град, Париз
— 1982 Југословенски културен центар, Париз

Кон крајот на 70-тите во светот, и на почетокот на 80-тите години во Југославија ,со низа изложби се афирмираат назнаките на нова уметничка клима со слични терминолошки определби („nova immagine", „new image painting", „трансавангарда", „heftige malerei", „figuration libre", „pittura colta", „нова слика", „уметност по 80-тите") со заеднички императив — враќање кон СЛИКАТА.

Би било погрешно, во нашата ликовна ситуација да се применат светските и југословенските обрасци на формирање на „новата слика" и таа да се набљудува во ликовните, социјалните и во политичките дилеми на светската уметност на 70-тите години, п е се поради временското и обликувачкото несоодвество со изворните појави (со што всушност и се определуваат карактеристиките на

рецепцираната и локализираната уметничка дејност). Од друга страна, евидентно изостанување на поширокото продирање на концептуалната уметност (со своите тавтолошки и дематеријализирани белези) како фактички антипод и „причина" на трансавангардната сликовитост, резултираше кај нас поинаков тек на настаните. Ако го прифатиме фактот дека враќањето кон чинот на сликањето т.е. кон сликата е одговор на ќорсокакот на метајазикот на концептуалната уметност, во нашиов случај станува јасно дека инспиративната потка произлегува од ареалот на светските случувања во врска со афирмацијата на сликата, а не од нашата ликовна ситуација во 70-тите години. Во тој контекст, свесно определувајќи се кон трендот, Живковски — без инхибиции и провинцијални сомневања ги утврдува формите на својот ликовен избор со определени знаења од светското уметничко наследство (референции) и со ослободена моќ за сликање.

Двете појдовни, навидум спротивни позиции формално го определуваат неговото сликање: од е на страна се плошноста, амблематичноста и декоративноста, а од спротива се фигуративноста и експресивноста постигнати со адекватниот испрекинат цртачки дуктус. Рамнотежата на сликата ја гради на елементарен начин — со симетрична композиција. Тематскиот репертоар е во рамките на „новосликовните" содржини: субкултурната иконографија, стрипот, гротеската, чудовиштата, животните, знаците, симболите, архетипските претстави, орнаментиката и сл. Провокативноста ја постигнува со намерната примена на суровиот колорит кој вознемирува со своето кичерско безобразие, користејќи ги и вообичаените бои на ова сликарство — црвената и црната.

Со постапно надминување на своите поранешни ликовни системи (различните струења на примарното, аналитичкото, на места и на трудовите инспирирани од „heavy-metal" цизелацијата) Живковски со бројните цртежи и крокии ги воспоставува условите за сопствениот ликовен говор во рамките на „новата слика".

И покрај нашата вообичаена нетрпеливост кон „трендовите" и кон „актуелните" настани, треба да се очекува дека тој нема да биде изолиран во просторите на овој сликарски обид.

Поповиќ Мирослав

живковски слободан: слики
издавач: дом на младите „25 мај" скопје, кеј „димитар влахов" б.б.
за издавачот: мирко стефановски
редакција за ликовна уметност, галерија
уредник: мирослав поповиќ
организатор: маринко боројевиќ
совет на редакцијата: г. стефанов, з. петровски, љ. неделковска, л. плавевски, м. машниќ, б. поп-антовски, к .мартиновски, с. хаџи-николов, з. јакимовски
сито-печат: степановиќ милун
печат: „2 август", скопје
тираж: 150
март 1984

